

Благоја Корубин (1.III 1921 – 17. II 1995) е македонски нацонален деец, учесник во НОБ, филолог и преведувач, научен советник, истражувач и раководител на Одделението за современ македонски јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“.

Благоја Ташков Корубин  е роден на 1 март 1921 година. во градот Прилеп. Основно училиште и гимназија завршил во родниот град. Како член на Литературната секција во Гимназијата го напишал својот прв прозен состав на српски јазик „Живот у Прилепу и околини“ (1937/1938).

Тој бил член на воспитната група за кандидати за СКОЈ, каде Борка Талески зборувал за македонското национално прашање. По обука (1938/1939)  станал член на СКОЈ, а по матурирањето, во јуни 1940 година и член на КПЈ. Во 1940 година учествувал на Илинденските демонстрации во Прилеп, а есента истата година заминал да студира во Скопје на педагошката група на Филозофскиот факултет. Таму формирал група од 15-18 членови на СКОЈ и КПЈ. Во студентскиот дом каде што живеел, бил еден од уредниците на Ѕидниот весник, каде што објавувал свои политички написи.

По потпишувањето за пристапувањето на Кралството Југославија кон Пактот (25. III 1941), вечерта на 26 март скопските студенти излегле на скопското корзо со пароли против пактот и војната. По барање на демонстрантите тој говорел на македонски јазик, поради што морал да се спасува со бегство од режимските агенти.

По фашистичката окупација на земјата, станал борец на Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“ и учествувал во првата востаничка акција во Прилеп на 11. X 1941 година. Набргу потоа бил уапсен и осуден. Целиот период на НОБ, се до септември 1944 година, Корубин го минал во Скопскиот затвор и во затворот во Хасково (Бугарија). Во Затворот Скопје бил затворен од 14 мај 1941 до мај 1943 година и од јуни 1943 до септември 1944 година. Од мај до јуни 1943 година тој бил во затвор во Хасково. Додека бил во затвор, тој напишал неколку песни, од кои зачувана е песната „Песна на скопските затвореници“. Тој бил член на партиското раководство формирано од Лазар Колишевски и бил одговорен за културно-забавниот дел.

По војната прво работел во Прилеп, а потоа во Скопје како јазичен редактор во Издавачкото претпријатие „Култура“ (1946). Помеѓу 1946 и 1953 година бил раководител на Оделот за печат во Институтот за здравствено просветување на НР Македонија. Во периодот од 1947 до 1948 година ги продолжил студиите на Филозофскиот факултет, на групата за македонски јазик. Во 1948 година, по Резолуцијата на Информбирото бил репресиран.

По дипломирањето во 1952 година, во јануари 1953 година станал асистент во Одделението за јазик на Институтот за фолклор, кој по два месеци се осамостоил како Институт за македонски јазик Во периодот 1965-1985 година бил раководител на Катедрата за современ јазик. Се пензионирал во 1986 година.

Бил долгогодишен претседател на Друштвото на литературните преведувачи на Македонија (1959 - 1966) и на Сојузот на друштвата за македонски јазик на Македонија. Автор е на повеќе стручни и научни книги, голем број статии, сеќавања, прозни состави, четири стихотворби и други прилози. Бил посебно посветен во истражувањата на практиката на македонскиот јазик и повеќе децении ја уредувал рубриката „Јазично катче“ на дневниот весник „Нова Македонија“ и бил долгогодишен уредник на списанието „Македонски јазик“ и „Литературен збор“.

Благоја Корубин починал на 17 февруари 1995 година во Скопје.

(М.Е. 1, Скопје 2009, стр. 739)



Подготвил: Т.К.